РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 15-01-2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | | | |

( Образец ПП……)

**До:** Лица задолжени за информации од Јавен карактер
(имател на информацијата)

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted]

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: прашањата се на страна 2 →

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

[redacted]тпис

**Во** Битола, 15.01 2025 **година .**

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Повикувајќи се на транспарентност и отчетност Општина Битола објави извештај за спроведените постапки и финансирање на настаните поврзани со Зимска приказна за дочек на Новата 2025 година. Со цел за целосно информирање на граѓаните сметам дека во извештајот недостасуваат неколку информации и затоа барам:

1. Врз основа на кој закон, член од закон, е склучен договор за институционална соработка (како што стои во објавата) помеѓу Општина Битола и КИЦ-Битола за реализација и исплата на дел од настаните за зимска приказна. Истовремено барам да ми се достави копија од договорот за институционална соработка помеѓу Општина Битола и КИЦ-Битола за организација и исплата изведувачите на настаните од Зимска приказна.

2. Согласно програмата за Туризам, Општина Битола за организација на Зимска приказна има обезбедено 3 000 000 денари. Во соопштението дадено од страна на Општина Битола изнесен е податок дека од вкупно потрошените 6.185467 денари, 3997982 денари се исплаќаат кон изведувачите од страна на Општина Битола. Барам да ми се одговори

- дали комисијата формирана од Градоначалникот презела финансиски обврски повеќе отколку што се предвидени во програмата?

- доколку презела барам да ми се одговори од која програма, од која ставка и од која година од буџетот на Општина Битола ќе бидат обезбедени и исплатени дополнителните 997982 денари.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Секретар на Општина Битола

Бр.11-16/2
22.01.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-16/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

Градоначалник

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 30 -01- 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредн |
| 11 | 22/3 | | |

До
Лица за посредување при остварување на
правото за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Во врска со доставените прашања од [redacted]
Ви ги доставувам следните одговори:

1. Општина Битола, како основач на КИЦ Битола, во согласност со законските прописи склучи договор за уредување на меѓусебни права и обврски за реализација на програмата на „Зимска приказна" (институционална соработка). Договорот е во согласност со член 50 став 1 точка 15 и точка 16 од Законот за локална самоуправа, Статутот на општина Битола член 16 точка 3 и 5 и согласно Статутот на КИЦ Битола. (Прилог Договор)

2. Согласно Програмата за туризам на Општина Битола, одобрените средства за реализација на Програмата за „Зимска приказна 2024/2025" се во износ од 4.000.000 денари. Истата е објавена на следниот линк https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2024/12/Програма-за-туризам.pdf, потпишана од страна на Претседателката на Советот и објавена во Службен гласник бр.20 од 26.12.2024, што потврдува дека Комисијата не презела обврски повеќе отколку што се предвидени во Програмата. (Прилог Програма).

   Образложение: Предлогот на Комисијата е даден врз основа на евалуација на апликациите и истиот е одобрен од градоначалникот, согласно дадените образложенија. Средствата во Буџетот се планирани врз основа на претходното искуство при реализација на манифестацијата и дадените предлози од Комисијата. Притоа, за настаните не е предложено и планирано авансно плаќање, а истите се исплаќаат по нивното завршување, односно после 06.01.2025, што значи дека, со усвојувањето на Програмата за туризам, Советот даде согласност на реализацијата на целосната програма на „Зимска приказна". Доколку Советот не ја усвоеше Програмата, настаните од „Зимска приказна" и покрај дадениот предлог од Комисијата и одобрението од градоначалникот, немаше да се реализираат, освен оние кои не предвидуваат финансиски импликации.

   Напомена: Доколку, со наведените 3.000.000 денари во доставеното прашање, се мисли на средствата во Програмата за туризам за „Зимска приказна 2023/2024",

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 340 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mkwww.bitola.gov.mk

напоменувам дека тие средства, беа исплатени за реализација на минатогодишната Програма, што како податок беше достапно за Советот на одржаните седници на кои точка на дневен ред беше Буџетот и неговите ребаланси.

Во реализација на „Зимска приказна“, Општина Битола, заради карактерот на настаните, а почитувајќи ги и дадените забелешки од Советот, не применува авансно плаќање и целосната исплата се врши по реализација на настаните и доставениот/изработен наративен/фотографски/финансиски извештај.

Со почит,

Градоначалник на општина Битола
Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 13 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 24.12.2024 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за туризам на Општина Битола за 2025

1. **Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот**

За развојот на туризмот на територија на општина Битола многу придонесува и состојбата на Националниот парк Пелистер. За таа цел изработени се неколку студии и имплементирани, но секако има место за нови и поиновативни. За таа цел општина Битола ќе финансира промоција на активности преземени од страна на НП Пелистер за развој на туризмот во Националниот парк на дел од изготвена Програма од нивна страна за цела 2025 година и која ќе биде доставувана на усвојување од страна на општина Битола. По завршување на известувачкиот период ( декември 2025 година ) НП Пелистер е должен да достави Извештај за користените средства до Општина Битола. Средствата за реализација на оваа Програма општина Битола ќе им ги префрлува на крајниот корисник по поднесен извештај за извршени работи. Сите овие активности се регулирани со обостран потпишан меѓусебен договор на општина Битола и НП Пелистер Битола.

2. **Изработка на студија за развој на летен и зимски туризам на Пелистер**

3. **Јавен повик за здруженија за спроведување на активности во врска со унапредување на туризмот**

   Јавен повик за здруженија од областа на туризмот (сите гранки) за активности во врска со унапредување на туризмот.

4. **Организација на “Зимска приказна” во Битола**

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

на Програмата за туризам во Општина Битола

за 2025 година

| Ред. Бр. | шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1 | 718117 | Надомест за добивање на лиценца за угостителска дејност | 2.500.000,00 |
| 2 | 717111 | Комунална такса за привремен престој | 2.500.000,00 |
| | ВКУПНО: | | 5.000.000,00 |

**ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**

**на Програмата за туризам во Општина Битола**

**за 2025 година**

| Ред. Бр. | Програма Г2 | Расходи | Износ (ден.) |
|---|---|---|---|
| 1 | 464990 | Промоција на активности на НП Пелистер за развој на туризмот | 500.000,00 |
| 2 | 464990 | Студија за развој на летен и зимски туризам на Пелистер | 300.000,00 |
| 3 | 464990 | Разни трансфери / Организација на “Зимска приказна” | 4.000.000,00 |
| 4 | 464990 | Јавен повик за здруженија за спроведување на активности во врска со унапредување на туризмот | 200.000,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Вкупно: | 5.000.000,00 |

Со оваа програма е обезбеден родов аспект преку приоритети на Општина Битола.

Структурата на поединечните трошоци во рамките на вкупно предвидениот износ ќе се определува согласно спроведените јавни набавки за истите.

Исплатата на трошоците ќе се врши од соодветните планирани ставки од Буџетот на Општина Битола.

Програмата влегува во сила *со објавувањето* во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-158/9
23.12.2024 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
Габриела Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
бр. 08-1250/1
04.12.2024 год.
БИТОЛА

Јавна општинска установа
КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР
бр. 03-174/1
04.12.2024 год.
БИТОЛА

# ДОГОВОР
# ЗА УРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУСЕБНИ ПРАВА И ОБВРСКИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА НА „ЗИМСКА ПРИКАЗНА"
# (ИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА)

Склучен на ден 04.12.2024 година, меѓу:

1. **ОПШТИНА БИТОЛА**, со седиште на ул. „Булевар 1-ви Мај" бр. 61- Битола, застапувана од градоначалникот на **Тони Коњановски**, во понатамошниот текст: **прва договорна страна** и
2. **ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**, со седиште на ул. „Широк Сокак" бр. 145 - Битола, застапувана од **Благојче Божиновски**, директор, во понатамошниот текст **втора договорна страна.**

Предмет на Договорот

Член 1

Со овој Договор, договорните страни ги утврдуваат правата и обврските во врска со реализација на **настани од „Зимска приказна"**, согласно дадениот предлог од комисијата и изготвениот **Записник од 04.12.2024, врз основа на доставени апликации по јавен повик** за учество во организација и реализација на културни и туристичко промотивни **активности во пресрет на новогодишните празници и збогатување на понудата на јавни содржини во општина Битола по повод Дочекот на Новата 2025 година – Зимска приказна,** заведен во општина Битола со број **08 –1182/2 од 22.11.2024.**

**Обврски на првата договорна страна**

**Член 2**

Првата договорна страна – **ОПШТИНА БИТОЛА** се обврзува да ги извршува следните обврски:

- Да овозможи техничка и административна поддршка при изготвување на договори со одговрните субјекти за реализација на настани согласно **Записникот** број 08 – 1182/4 од 04.12.2024 година и склучениот договор за деловна - институционална соработка
- Да учествува во координативни и организациски активности на настаните кои ќе се реализираат од втората договорна страна

Да изврши комплетна реализација, исплата и обезбедување извештај за реализација на **точките од 1 до 154 од Записникот** број 08 –1182/4 од 04.12.2024 година.

Првата договорна страна - **Општина Битола** по договор меѓу двете страни ќе изработува и учествува во изработка и на други активности за потребите на втората договорна страна - **ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР**, со цел успешна организација, реализација, исплата на одобрениот финансиски надомест во Записникот број 08 –1182/4 од 04.12.2024 година.

Обврски на втората договорна страна

Член 3

Втората договорна страна – **ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР** се обврзува да ги извршува следните обврски:

- Да овозможи навремено склучување на договори за реализација на настаните, кои ќе ги реализира согласно **Записникот број 08 –1182/4 од 04.12.2024 година** и склучениот договор за деловна соработка
- Да овозможи организација и успешно спроведување на настаните во координација со одговорните субјекти за реализација на настани согласно **Записникот број 08 – 1182/4 од 04.12.2024 година** и склучениот договор за деловна соработка
- Да изврши комплетна реализација, исплата и обезбедување извештај за реализација на одобрените настани од точка 155 до 173 од **Записникот број 08 – 1182/4 од 04.12.2024 година.**

- Втората договорна страна – **ЈОУ КУЛТУРЕН И ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР** по договор меѓу двете страни ќе изработува и учествува во изработка и на други активности за потребите на првата договорна страна – **Општина Битола,** со цел успешна организација, реализација и исплата на одобрениот финансиски надомест во **Записникот број 08 –1182/4 од 04.12.2024 година.**

Обострани права и обврски

Член 4

Едната договорна страна се обврзува преку своите служби на Другата договорна страна да и ги стави на располагање и користење сите потребни податоци, документи и други материјали, потребни за спроведување на активностите наведени во членот 2 и членот 3 од овој Договор.

Член 5

Едната договорна страна се обврзува по барање на другата договорна страна навремено и ажурно да ги извршува сите административно - технички работи и сите придружни активности кои се потребни за реализирање на активностите наведени во членот 2 и членот 3 од овој Договор.

**Рок на важење на Договорот**

**Член 6**

Овој договор се склучува во времетраење од 1 година, почнувајќи од денот на заверка на договорот од двете договорни страни, со можност за негово продолжување за наредната година, доколку со писмено известување на една од договорните страни доставено 30 дена пред истекот на договорот, не се бара престанок на Договорот.

Завршни одредби

Член 7

За се што не е регулирано со овој Договор ќе се применува Законот за облигациони односи и другите позитивно правни прописи на РСМ.

Член 8

Евентуалните недоразбирања кои ќе произлезат од реализацијата на овој Договор, договорните страни ќе настојуваат да ги решат спогодбено.

Член 9

Овој Договор е составен во 4 (четири) идентични примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примероци.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-16/4
31.01.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **15.01.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-16** од **15.01.2025 година**, каде бара информација за тоа врз основа на кој закон е склучен договор за институционална соработка помеѓу Општина Битола и КИЦ-Битола за реализација на дел од настаните на зимската приказна, дали комисијата формирана од Градоначалникот презема финансиски обврски повеќе отколку што се предвидени во програмата и од која програма и од која година од Буџетот на Општина Битола ќе бидат обезбедени и исплатени дополнителните 997.982,оо денари.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-16 на ден 15.01.2025 година. Во барањето наведе дека бара информација за тоа врз основа на кој закон е склучен договор за институционална соработка помеѓу Општина Битола и КИЦ-Битола за реализација на дел од настаните на зимската приказна, дали комисијата формирана од Градоначалникот презема финансиски обврски повеќе отколку што се предвидени во програмата и од која програма и од која година од Буџетот на Општина Битола ќе бидат обезбедени и исплатени дополнителните 997.982,оо денари.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-16/1 од 15.01.2025
2.Допис до Секретар на Општина Битола со бр.11-16/2 од 22.01.2025
3.Одговор од Секретар на Општина Битола со бр.11-16/3 од 30.01.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 31.01.2025 година, под бр. 11-16/4.

**Службени лица за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Евгенија Чукалева**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · ОПШТИНА БИТОЛА